Прехранбена индустрија
„ВИТАМИНКА“ А.Д.
Бр. 02-454/10
Прилеп, 15.04.2022 год.

Врз основа на членовите 81, 82, 84 и 86 од Статутот на П.И.„Витаминка“ А.Д. Прилеп (арх.бр. 02-2251/15 од 11.06.2019 год. - пречистен текст), Одборот на директори на П.И.„Витаминка“ А.Д. Прилеп на седницата одржана на ден 15.04.2022 год. едногласно ја донесе следната:

# О Д Л У К А бр. 8/4/2022-О.Д.

*(за утврдување на профилот на Одборот на директори на друштвото)*

Член 1

Се утврдува профилот на Одборот на директори на друштвото.

Одборот на директори на друштвото е составен од пет члена, од кои:

- 1 (еден) член е извршен член на Одборот на директори и го носи називот: Генерален извршен директор на друштвото;
- 4 (четири) членови на Одборот на директори се неизвршни членови и тоа:
  - 2 (двајца) членови се неизвршни членови;
  - 2 (двајца) членови се независни неизвршни членови.

Од редот на неизвршните членови се избира Претседател на Одборот на директори.

Од редот на независните неизвршни членови се избира Заменик Претседател на Одборот на директори.

Член 2

За членови на Одборот на директори се предлагаат и избираат лица од редот на истакнатите бизнисмени во земјата и странство, лица од академската фела, признати стручњаци со повеќегодишно искуство во својата област, а особено лица со добар углед во општеството и придонес во областа во која работат.

За член на Одборот на директори на друштвото може да биде предложено и избрано лице што има завршено најмалку високо образование на некој од универзитетите во земјата и светот.

Во редот на членовите на Одборот на директори, секогаш ќе се води сметка да се предлагаат и избираат лица со различни образовни профили, а во функција на обезбедување сестран пристап кон управувањето и надзорот во друштвото. Во состав на Одборот на директори ќе се обезбеди учество најмалку на едно лице од техничка струка, а имајќи ја предвид дејноста на друштвото, како и најмалку на едно лице од економска струка, заради потребата да се следи и унапредува финансиското работење на друштвото.

За член на Одборот на директори може да се предложи и избере лице, кое што, во својата област, има искуство од најмалку 5 (пет) години на управувачки и / или работи поврзани со надзор, односно контрола.

Лицето што се предлага за член на Одборот на директори мора да поседува одлични комуникациски и организациски вештини, како и високо ниво на аналитичност, непристрасност и одговорност во вршењето на задачите.

**Како посебна предност, за секој кандидат за член на Одборот на директори, ќе се сметаат познавањата за прашањата за животната средина и прашањата од општествен интерес.**

**Покрај претходно наведените критериуми, при избор на потенцијални членови на Одборот на директори секогаш ќе се води сметка за способноста и достапноста за активно и конструктивно учество во дискусиите и одлучувањето на Одборот на директори.**

**Во Одборот на директори ќе се настојува да се обезбеди соодветна полова застапеност на членовите, отфрлајќи ги сите облици на дискриминација по било кој основ и на било каков начин.**

**Член 3**

**Пред да се пристапи кон избор на член на одборот на директори, за секој кандидат, во писмена форма, се објавуваат податоци за возраста, полот, образованието и другите професионални квалификации, работното искуство и како го стекнал, во кои друштва е или бил член на орган на управување, односно на надзорен одбор и другите поважни функции што ги вршел, бројот на акциите што ги поседува во друштвото и во други друштва, како и заемите и другите обврски коишто ги има спрема друштвото.**

**Член 4**

**Оваа одлука во која се дефинира профилот на Одборот на директори, се објавува на веб страницата на Друштвото.**

**Член 5**

**Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.**

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Според точка 2.11. од Кодексот за корпоративно управување, Одборот на директори, или комисијата за избор и именување, доколку истата е формирана , најмалку еднаш годишно го разгледува составот на одборот и неговите комисии од аспект на знаењето, квалификациите, вештините и искуството што членовите поединечно и заедно ги поседуваат за успешно извршување на нивните функции (т.н. „профил на одборот“). Профилот на одборот се објавува на веб-страницата на друштвото. Имајќи го претходното предвид, постои потреба да се утврди профилот на Одборот на директори и да се сподели URL врска за овој документ со јавноста. Во таа насока се пристапи кон изработка на профилот, што ќе биде комунициран со јавноста.

Врз основа на претходното беше одлучено како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одбор на директори:**

**1. Симон Наумоски, Претседател** ________________

**2. Сашо Наумоски, Генерален извршен директор** ________________

**3. Благоја Ѓорѓијовски, Неизвршен член** ________________

**4. Горан Рафајловски,Независен неизвршен член** ________________